Октомври 2016

ТИ ОДЛУЧУВАШ!

Прирачник за еднакво вклучување на лицата со попреченост во изборниот и политичкиот процес во Македонија

ИНКЛУЗИВА

Наслов
Ти одлучуваш! Прирачник за еднакво вклучување на лицата со попреченост во изборниот и политичкиот процес во Македонија

Издавач
Здружение за промоција и развој на инклузивно општество ИНКЛУЗИВА

Автори
Благица Димитровска
Татјана Арсовска
Елена Чекорова

Дизајн
Елена Чекорова

Тираж
300

Овој прирачник е овозможен со поддршка на Фондација Отворено општество-Македонија. Содржината на овој прирачник е одговорност на авторите и на Здружението ИНКЛУЗИВА и не ги изразува ставовите на ФООМ.

Октомври 2016

ТИ ОДЛУЧУВАШ!

Прирачник за еднакво вклучување на лицата со попреченост во изборниот и политичкиот процес во Македонија

Содржина:

Вовед	**7**
Права и можности во изборниот процес	**8**
Избирачки список	**9**
Гласање на избирачко место	**10**
Гласање во домашни услови	**12**
Споделете го Вашето искуство	**13**

Përmbajtja:

Hyrje	**17**
Të drejta dhe mundësi në procesin zgjedhor	**18**
Lista zgjedhore	**19**
Votimi në vendvotim	**20**
Votimi në kushte shtëpiake	**22**
Ndani përvojën tuaj	**23**

ВОВЕД

Избирачкото право е едно од загарантираните права и не се однесува само на изборниот процес, туку со ова право се овозможува и активно вклучување на сите граѓани во сите развојните процеси во општеството.

Република Македонија ја има потпишано и ратификувано Конвенцијата на Обединети Нации за правата на лицата со попреченост со што има обврска да им обезбеди на лицата со попреченост еднакви политички права, право да бираат и да бидат избрани како и сите други граѓани.

Лицата со попреченост во Република Македонија имаат право да бираат и да бидат избрани на демократски избори, но и покрај тоа тие многу ретко учествуваат на избори.

Тоа значи дека кај политичките партии не е развиена јавната свест за потребите на лицата со попреченост и не вложуваат доволно напори да ги привлечат нивните гласови.

Лицата со попреченост се со бројка која не е за занемарување, 15% од вкупното население на Република Македонија.

Политичките партии не вложуваат доволно напори за привлекување на гласови од оваа категорија на граѓани. Во текот на изборниот период политичките партии и институциите со кои тие управуваат најчесто заборавааат да ги информираат лицата со попреченост за правата кои тие ги имаат во изборниот процес.

Овој прирачник е подготвен со цел да ги информираме лицата со попреченост кои се нивните права во изборниот процес, како и на кој начин да го остварат нивното гласачко право. Особено, сакаме да ги охрабриме сите гласачи со попреченост кои што станале полнолетни и за прв пат треба да го остварат своето право на глас.

Права и можности во изборниот процес

Без активни гласачи нема демократија, а нема ни развој кој што одговара на нашите потреби.

Изборите се ДЕН на слободна волја на сите граѓани и граѓанки во секоја земја.

Тие се сеќавање на тоа дека избирачкото право е наследство за кое стотици години се бореле многу луѓе за ова што ние денес го имаме.

Како лице со попреченост имате право да гласате само по сопствен избор и под еднакво пристапни услови како што имаат и граѓаните без попреченост.

Многу е важно да го искористите своето гласачко право.

Со тоа праќате порака на политичките партии и на општеството за својата многубројност, но и за задоволството или незадоволството од постоечките политики.

На тој начин ги соопштувате приоритетите за кои како поединци или како група на граѓани се определувате.

Избирачки список

Зошто е важен Избирачкиот список за остварување на гласачкото право?

Гласачите го остваруваат своето гласачко право преку запишување во избирачкиот список.

Избирачките списоци се јавни книги кои се водат и ажурираат од страна на Државна изборна комисија.

Во избирачкиот список се запишани сите полнолетни граѓани на Република Македонија на кои не им е одземена деловната способност.

Секој граѓанин има право во текот на целата година да ги провери своите податоци во избирачкиот список и да побара дополнување или поправка ако е потребно. За време на изборен процес оваа можност може да ја оствари најдоцна до 15 дена пред денот на избори.



Барање за дополнување или поправка во избирачкиот список се поднесува до општинска изборна комисија, според местото на

Гласање на избирачко место

Изборниот процес во република Македонија иако не е сосема приспособен за лицата со попреченост, сепак дава и некои можности кои можете да ги искористите – посебно на изборниот ден.

Денот кога се одржуваат изборите го најавува Претседателот на Собранието на Македонија

Гласањето се врши на гласачко место, кое на денот на изборите се отвара во 7 часот наутро, а се затвара во 19 часот.

Најпрво треба да проверите во општинската изборна комисија, според местото на живеење каде е вашето гласачко место. Потоа проверете дали е пристапно за вас.

Доколку е пристапно и планирате да излезете и гласате, неопходно е со себе да понесете важечки личен документ (лична карта или пасош).

Ако вашето гласачко место не е пристапно, не загрозувајте ја Вашата безбедност и безбедноста на другите луѓе. Барајте да Ви се овозможи безбеден пристап до гласачкото место.

Доколку не Ви се обезбеди безбеден пристап за ова известете ги независните набљудувачи, кои се присутни на гласачкото место.

Ако не знаете дали е пристапно гласачкото место, или однапред знаете дека не е, разгледајте ја можноста да гласате во домашни услови.

Гласање на избирачко место

Се гласа на едно гласачко ливче кое го добивате од член на изборниот одбор.

Гласањето е тајно! За кого сте го дале својот глас не мора на никого да се каже.

Гласањето е независно и самостојно! Никој не смее да Ве принуди или уценува да гласате за политичка партија или кандидат за кој не сакате да гласате. Тоа е казниво со закон!

На гласачкото ливче го заокружувате редниот број пред кандидатот за кој сте се одлучиле да гласате.

Потоа го свиткувате гласачкото ливче и го пуштете во гласачка кутија.

Имате право да побарате објаснување, ако нешто не Ви е јасно.

Ако имате потреба од помош при гласање, имате право да гласате со придружник.

Гласање во домашни услови

За да го остварите правото на гласање во домашни услови, потребно е да ја известите општинската изборна комисија дека сакате да гласате во домашни услови.



Начинот за пријавување за гласање во домашни услови е прецизно дефиниран во изборните прописи.

За ова право треба Вие лично или друго лице ополномоштено од Вас да поднесе барање до општинска изборна комисија најмалку седум дена пред денот на избори.

1

Избирачкиот одбор ќе Ви овозможи да гласате во домашни услови еден ден пред денот на избори.

Со обезбедување на посебна кутија за гласање во домашни услови обезбедена Ви е и тајноста на гласањето

Споделете го Вашето гласачко искуство

Дали можевте да пристапите до гласачкото место?

Дали гласачкото место беше пристапно?

Дали гласавте сами или Ви требаше помош?

Дали гласавте во домашни услови и како помина процесот од пријавување до спроведување на ова Ваше право?

Сето ова можете да го споделите на facebook страницата на Здружението ИНКЛУЗИВА:
https://www.facebook.com/Inkluziva/
или на е-маил: inkluziva@gmail.com

Tetor 2016

TI VENDOS!

Udhëzues për përfaqësim të barabartë të personave me aftësi të kufizuar në procesin zgjedhor dhe politik në Maqedoni

HYRJE

E drejta e zgjedhjes është një nga të drejtat e garantuara dhe nuk ka të bejë vetëm me procesin zgjedhor, por me këtë të drejtë mundësohet përfshirja aktive e të gjithë qytetarëve në proceset zhvillimore në shoqëri.

Republika e Maqedonisë ka nënshkruar dhe ratifikuar Konventën e Kombeve të Bashkuara për të drejtat e personave me aftësi të kufizuar, me çka, ka për obligim të ju sigurojë personave me aftësi të kufizuar të drejta të barabarta politike, të drejtë për të zgjedhur dhe tu zgjedhur si të gjithë qytetarët.

Personat me aftësi të kufizuar në Republikën e Maqedonisë kanë të drejtë të zgjedhin dhe të jenë të zgjedhur në zgjedhje demokratike por megjithatë ata shumë rrallë marrin pjesë në zgjedhje.

Kjo do të thotë se tek partitë politike nuk është e zhvilluar vetëdija shoqërore për nevojat e personave me aftësi të kufizuar dhe nuk bëjnë përpjekje të mjaftueshme për t'i fituar votat e tyre.

Personat me aftësi të kufizuar janë në numër që nuk duhet neglizhuar, 15% e popullsisë së përgjithshme së Republikës së Maqedonisë.

Partitë politike nuk bëjnë shumë përpjekje për të fituar vota nga kjo kategori qytetarësh.Gjatë periudhës zgjedhore, partitë politike dhe institucionet me të cilat ata udhëheqin, shpesh harrojnë t'i informojnë personat me aftësi të kufizuar për të drejtat të cilat ata i kanë në procesin zgjedhor.

Ky udhëzues është përgatitur me qëllim që të informohen personat me aftësi të kufizuar cilat janë të drejtat e tyre në procesin zgjedhor si dhe në çfarë mënyre të realizojnë të drejtën e votës së tyre. Veçanërisht, dëshirojmë t'i inkurajojmë të gjithë votuesit me aftësi të kufizuar të cilët kanë arritur moshën madhore dhe për herë të parë duhet ta realizojnë të drejtën e tyre të votës.

Të drejtat dhe mundësitë në procesin zgjedhor

Pa votues aktiv nuk ka demokraci por as zhvillim që i'u përgjigjet nevojave tona.

Zgjedhjet janë DITË e vullnetit të lirë të të gjithë qytetarëve në çdo shtet.

Ato na përkujtojnë se e drejta e zgjedhjes është trashëgimi për të cilën me qindra vite kanë luftuar shumë njerëz për këtë që ne kemi sot.

Si person me aftësi të kufizuar keni të drejtë të votoni vetëm sipas zgjedhjes personale dhe në kushte me qasje të barabartë si për të gjithë qytetarët që nuk kanë aftësi të kufizuar.

Është shumë me rëndësi të shfrytëzoni të drejtën tuaj të votës.

Me këtë dërgoni porosi tek partitë politike dhe shoqëria se jeni në numër të madh, por edhe për kënaqësinë ose pakënaqësinë për politikat ekzistuese.

Në këtë mënyrë i kumtoni prioritetet për të cilat përcaktoheni, si individ ose si grup i qytetarëve.

Lista zgjedhore

Përse është e rëndësishme Lista zgjedhore për realizimin e të drejtës së votës?

Votuesit realizojnë të drejtën e tyre të votës nëpërmjet regjistrimit të tyre në Listën zgjedhore.

Listat zgjedhore janë regjistra publik të cilat udhëhiqen dhe azhurohen nga ana e Komisionit shtetëror zgjedhor.

Në listën zgjedhore janë të regjistruar të gjithë qytetarët e moshës madhore të Republikës së Maqedonisë të cilëve nuk u është marrë aftësia e punës.

Çdo qytetar ka të drejtë që gjatë gjithë vitit të kontrollojë të dhënat e veta në listën zgjedhore dhe të kërkojë plotësim ose përmirësim nëse ka nevojë. Gjatë kohës së procesit zgjedhor kjo mundësi mund të realizohet më së voni 15 ditë para ditës së zgjedhjeve.

Kërkesa për plotësim ose përmirësim në listën zgjedhore dorëzohet te komisioni zgjedhor komunal, sipas vendbanimit.

Votimi në vendvotim

Procesi zgjedhor në Republikën e Maqedonisë edhe pse nuk është tërësisht i përshtatur për personat me aftësi të kufizuar gjithësesi jep disa mundësi të cilat mund t'i shfrytëzoni - konkretisht në ditën e votimit.

Ditën kur mbahen zgjedhjet e paralajmëron Kryetari i Kuvendit të Maqedonisë.

Votimi realizohet në vendvotim, i cili në ditën e votimit hapet në orën 7 të mëngjesit ndërsa mbyllet në orën 19.

Së pari duhet të kontrolloni në komisionin zgjedhor komunal, sipas vendbanimit në të cilin ndodhet vendvotimi juaj. Pastaj kontrolloni nëse vendi është i qasshëm për ju.

Në rast se vendi është i qasshëm dhe planifikoni të dilni të votoni, domodoshmërisht duhet të keni me vete dokument personal të vlefshëm (letërnjoftim ose pasaportë).

Nëse vendvotimi i juaj nuk është i qasshëm, mos vëni në rrezik sigurinë tuaj dhe sigurinë e njerëzve të tjerë. Kërkoni t'ju mundësohet qasje e sigurtë deri te vendvotimi.

Në rast se nuk ju sigurohet qasje e sigurtë, njoftoni monitoruesit e pavarur, të cilët janë prezent në vendvotim.

Nëse nuk e dini a është i qasshëm vendvotimi juaj ose paraprakisht dini që nuk është, shqyrtojeni mundësinë për të votuar në kushte shtëpiake.

Votimi në vendvotim

Votohet në një fletë votuese të cilën e merrni nga komisioni zgjedhor.

Votimi është i fshehtë! Askuj nuk duhet t'i thoni për kë keni dhënë votën tuaj.

Votimi është i pavarur! Askush nuk duhet t’ju detyrojë ose t’ju kërcënojë të votoni për parti politike ose kandidat për të cilin nuk dëshironi të votoni. Kjo është e dënueshme me ligj.

Në fletëvotim rrethoni numrin rendor para kandidatit për të cilin keni vendosur të votoni.
Pastaj palosni fletëvotimin dhe vendoseni në kutinë votuese.

Keni të drejtë të kërkoni sqarim nëse nuk keni diçka të qartë.
Nëse keni nevojë për ndihmë gjatë votimit, keni të drejtë të votoni me shoqërues.

Votimi në kushte shtëpiake

Që të realizoni të drejtën e votimit në kushte shtëpiake është e nevojshme që ta njoftoni komisionin zgjedhor komunal se dëshironi të votoni në kushte shtëpiake.



Mënyra e paraqitjes për votim në kushte shtëpiake është e definuar saktësisht në rregulloret zgjedhore.

Për këtë të drejtë, duhet që ju personalisht ose dikush i autorizuar nga ana juaj të dorëzojë kërkesë deri te komisioni zgjedhor komunal më së paku shtatë ditë para ditës së zgjedhjeve.

Komisioni zgjedhor do t'ju mundësojë të votoni në kushte shtëpiake, një ditë para ditës së zgjedhjeve.

Me sigurimin e kutisë së veçantë për votim në kushte shtëpiake ju sigurohet edhe privatësia e votimit.

Ndani përvojën tuaj të votimit

A kishit mundësinë të qaseni në vendvotim?

A ishte i qasshëm vendvotimi?

A votuat vet ose kishit nevojë për ndihmë?

A votuat në kushte shtëpiake dhe si kaloi procesi nga paraqitja deri në realizimin e kësaj të drejte?

Gjithë këtë mund ta ndani në facebook faqen e Shoqatës INKLUZIVA

https://www.facebook.com/Inkluziva/ ose në email adresën inkluziva@gmail.com